# Содржина

1. Вовед......2
Интервју со Чинониерем Ентони (Шпанија)
"Откривање на канцеларијата за Младинска Еманципација" ......3
2. Зошто младинско информирање ......4
Како се станува независен ......4
Како да се стане дел од општеството......4
Како да станете информациони корисници ......5
Интервју со Јуха Алатало (Финска)
Онлајн младинско информирање како предизвик......6
3. Што е младинско информирање......7
За основните задачи......7
Екстра услуги......11
Интервју со Вероника Е. (Австрија)
"Патување во странство"......12
4. Информативен центар и услуги......13
Секогаш се е поврзано со потребите на младите луѓе......13
Воспоставување на мрежа......14
Мисија и услуги......15
Правен статус и финансирање......16
Локација и вработени......17
Квалитет и евалуација......18
Интервју со М.Ц (Холандија)
"Сфатете ги младите луѓе сериозно"......20
5. Европска димензија за младинско информирање......21
Совет на Европа......21
Европска Унија......22
Европска Агенција за Младинско Информативни Центри ERYCA......23
EURODESK......24
EYCA......24
Европски младински форум YFJ......24
Интервју со Ребека.Б (Словенија)
"Младите за младински СОС телефон"......25
6. Европска повелба за младинско информирање......26
Преамбула......26
Принципи......26
Сет од 12 индикатори......28
Совет на европа одбор на министри......30
Младинско партнерство меѓу советот на европа и на комисијата......32



Објавено по договор за партнерство меѓу Советот на Европа и Европската Агенција за младинско информирање и советување ERYICA - Автор: Александра Цангелоси – Изработка на корица: © Shutterstock - Распоред: Документи и публикации Оддел за производство (SPDP), Советот на Европа - февруари 2010.

# Вовед

Во денешно време, младинското информирање е признат дел од младинската работа во многу европски земји и во некои од нив постои веќе 40 години назад во историјата. Во овие 40 години видовме многу промени во Младинската Информативна работа адаптирајќи се кон развојот на општеството во целина и условите за живеење на младите луѓе во одредена мера.

Голем дел од професионалниот развој се одвиваше во областа на Генералното Младинско информирање на локално и регионално ниво, како и во рамките на националните структури и мрежи во однос на европските четири децении на постоење. Исто така признавањето на европско ниво е постигнато во голема мера со усвојување на Препораката бр (90) 7 на Комитетот на министри на Советот на Европа во 1990 година и интеграција на Младинското Информирање како еден од приоритетите во Белата Книга за млади лансирана од страна на Европската комисија во 2001 година.

Покрај тоа, младинското информативно поле опфаќа размена на најдобрите практики и искуства, создадени структури за поддршка и можности за обука и разговарање за заедничките принципи и етиката.

Во последните три години ERYICA и Советот на Европа пријдоа кон неколку организации, креатори на политики и мотивирани млади луѓе кои сакаа да создадат Младинска информативна служба во нивната локална област, регион или земја. Во одговор на ова барање партнерите решија да го креираат овој Прирачник за почнување со Младинско информирање за сите заинтересирани организации, младински работници,креатори на политиките и самите млади луѓе во земјите каде што младинското информирање се уште не постои или е на почетна точка.

Овој Прирачник за почнување со младинско информирање дава првичен увид во она што е Младинско информирање, основните принципи на работење и мисии, како да започнете со креирање Младинските информативни услуги и некои практични информации за тоа што различни европски структури имаат да понудат на оние кои сакаат да го направат првиот чекор во светот на младинското информирање.



Интервју со Чинониерем Ентони (Шпанија)

## "Откривање на канцеларијата за Младинска Еманципација"

Чинониерем Ентони е момче од Нигерија. Тој има 19 години и дошол во Европа пред две години. Тој ја раскажува приказната на неговиот живот: "Дојдов во Европа како и секој друг странец" во основа, во потрага по подобар живот.

### Како дознавте за нас?

Па ... Прво, кога дојдов во Шпанија, живеев во Малага. Тогаш бев малолетен и учев средно училиште. Кога наполнив 18 години, после завршувањето на средното училиште морав да заминам од таму зашто не можев да најдам работа. Јас имам пријател во Нигерија чиј брат живее во Мајорка. Неговата девојка е од Полска. Решив да одам во Мајорка и почнав да живеам со нив. Девојката знаеше за оваа канцеларија за млади, па таа ми помогна да ја најдам зашто не знаев што да правам или како би можел да почнам да барам работа. Кога дојдов во Младинскиот Информативен Центар прашав каков вид на услуги имаат и бев многу изненаден затоа што не знаев дека младите од тука ги имаат сите овие услуги. На пример, кога јас бев во Малага не можев да најдам ваков центар. Сега дознав дека и тие исто така имаат Младински Информативен Центар, но никој не ми кажал за тоа претходно!

### Како може да ви помогне од Канцеларијата за Младинска Еманципација?

Тие можат да ми помогнат да најдам работа. Јас се логирав на нивната веб страна за барање работа. Од тогаш се обидувам да се пријавам за различни работни места и го добив моето прво работно интервју во Палма пред неколку денови.Тие, исто така, ми помогнаа да направам добра биографија, како и да се подготвам за интервју за работа. Тие беа вклучени на мојата лична ситуација од првиот момент, обидувајќи се да ме разберат.

### Што мислите за ресурсите кои ги нуди Канцеларијата за Младинска Еманципација?

Мислам дека технолошките ресурси на Канцеларијата за Младинска Еманципација се многу добри. Тие дури и имаат WIFI зона за бесплатен интернет,но јас немам преносив компјутер. И покрај тоа, тие имаат различни компјутери за младите корисници, па затоа секојдневно можам да сурфам на интернет на удобен начин. Мислам дека оваа канцеларија е направена за да се создаде свест кај младите, во основа на нивното право да се постигне дадена цел, најмногу информации има за работата, здравјето и други работи кои им помагаат на младите во нормалниот живот. Се обидувам да доаѓам секој ден и да читам весници.Всушност моето искуство со Канцеларијата за Младинска Еманципација за информации е одлично: треба да се најдат добри професионалци кога поминуваш низ тешки времиња, а јас ги најдов тука. Сега сакам само да најдам работа која ќе ми овозможи да живеам тука. Сакам да студирам, ако е тоа можно, и да бидам среќен исто како и другите момчиња.

Чинониерем Ентони

# Зошто Младинско информирање?



Во еден напис во Форум 21 за Европската Младинска кампања "сите различни-сите еднакви", Ралф Рене Веингартнер, директорот на Дирекцијата за млади и спорт на Советот на Европа, забележа дека "Пристапување и вклучување - ова е, Накратко она кон кое треба да стремат сите политики кои се во врска со младите луѓе".

Ова е исто така честа појдовна точка за младинското информирање: да се биде сервис за млади луѓе кој им помага да ги преземат своите сопствени автономни одлуки и да ги остварат своите стремежи на начин кој најдобро одговара на нивните можности и способности.

Основната идеја која стои зад развојот на генералните младински информативни услуги и структури отсекогаш било правото на младите луѓе да имаат пристап до сеопфатни, точни и избалансиран информации што одговараат на нивните потреби и прашања и се дизајнирани за нив, лесно да се користат и да се разбирливи.

Правото до информациите е признато во Универзалната Декларација за човекови права, Конвенцијата за правата на детето, Европската конвенција за заштита на човековите права и основните слободи и Препораката бр (90) 7 на Комитетот на министри на Советот на Европа. Овие документи и намерите изразени во нив секогаш биле и сеуште се важни референтни точки за младинското информирање на локално, регионално, национално и европско ниво.

## Како се станува независен ...

Младите луѓе се во фаза на нивните животи која се карактеризира со преминот од детство кон возрасни, кога стануваат одговорни за своите одлуки и се независни од нивните семејства, училишта и други институции. Ова е истотака период на предизвици.

Во релативно кратко време, тие мора да донесат многу важни одлуки кои може да ја предвидат нивната иднина.

Избор на соодветно образование, наоѓање на нивните први работни места и свое сместување, мораат самостојно да се справуваат со пари, како и со своите први љубовни и сексуални искуства и понекогаш болните но неопходни одвојувања од своите домови и семејства, се само некои од предизвиците со кои младите треба да се справат. Сето ова се случува во време во нивниот живот, кога тие се уште се во фаза на пронаѓоање на себеси, кои се тие и како ќе ги дефинираат нивните сопствени идентитети и стилови на живот.

Овој период е многу тежок за нив да се справат со предизвиците, дури и ако тие не се соочуваат со дополнителни компликации, како што се доаѓање од загрозена или обесправена средина, неуспех на училиште или неможност да најдат работни места од една или друга причина, или навлекување на пороци и тешкотии како на пример, дроги, алкохол или насилство.

Многу млади луѓе го поминуваат овој период без проблеми, со помош на нивните семејства, пријатели или наставници. Сепак, во едно општество каде "стабилните биографии" и животните модели стануваат се помалку и помалку "нормални" и се повеќе и повеќе можности се отвораат, се добива јасна слика дека за нив станува се повеќе и повеќе комплицирано, и оние кои се блиску до младите луѓе може да се соочат со прашања кои одат подалеку од нивните сопствените искуства.

Генерално младинското информирање се стреми за поддршка на младите луѓе кои треба да донесат одлуки преку давање пристап до потребните информации кои се однесуваат на нивните опции и можности, услуги и програми на располагање и помагајќи им да ги оценат информациите преку различни форми на интервенција. Базирано на корисничко центриран приод, младинското информирање бара да се покријат сите теми што се од значење за младите луѓе и овозможување на младите да ги преземат своите правилно информирани одлуки.

## Како да станете дел од општеството ...

Младинското информирање е базирано врз основа на потребите и прашањата за младите луѓе и првенствено има за цел да одговори на нив. Сепак, младинското информирање исто така има улога во помагање на младите луѓе да го најдат нивното место во општеството.

Во прилог на одговарање на потребите на младите, младинското информирање има јасна улога во превенцијата преку активно промовирање на

# Зошто Младинско информирање?

информации за можности за поминување на нивното слободно време, алтернативи за периодите кога тие не се во работен однос или обуки и можности за учество во проекти и волонтерска работа, како и за прашања како што е ментално и физичко здравје.Младите понекогаш се соочуваат со долги периоди на слободното време, на пример, кога се невработени или додека чекаат да започнат со следното ниво на образование. Знаејќи за различните опции на понуди да се задржат зафатени со пријатни активности, а не да шетаат околу улиците придонесува за нивната благосостојба и интегрирање.



Информациите се и предуслов за учество - само оние млади луѓе кои се добро информирани за нивните права и обврски како млади лица и граѓани знаат како да го користат и пополнат слободното време, можат да бидат активни членови на граѓанското општество. Ова, секако, ги надминува информаците во врска со политичките системи и гласачките права и ги опфаќа сите видови на вмешаност во едно демократско општество, вклучувајќи ги и здруженијата, како да се лобира за сопствените интереси и личен ангажман во проекти и кампањи.

## Како да станете информациони корисници ...

Една нова, дополнителна улога се појави за младинските информативни услуги во последниве години како последица на нашето трансформирано општество во т.н. Информационо или општество базирано на знаење. Новите технологии се отвораат, а со тоа и пристапот до сите видови информации за сите кои имаат средства и способности да ги користат. Ние можеме да го видиме се поголемиот јаз меѓу оние млади луѓе кои имаат потребна опрема и вештини за да ги користат овие услуги и оние кои се исклучени од овие извори, бидејќи тие немаат хардверски пристап и / или знаење да бараат, пронаоѓуваат и оценуваат информации на интернет.

Покрај тоа, секојдневно, количеството на податоци на располагање се зголемува и сите ние треба да го определиме обемот на дефинирани стратегии за справување со преоптоварувањето со информации. Ова е предизвик за искусни младински информациски работници, а не за млади луѓе кои само што започнале да го бараат сопствениот пат во животот. Давање насоки за тоа како да истражуваат, оценуваат и проценуваат информации врз основа на тоа да одговара на индивидуалната побарувачка и исто така повеќе од важна е функцијата на услугите за младинско информирање. Исто така, мора да се обезбеди основен пристап до нови технологии за млади луѓе, на пример, преку обезбедување на бесплатни или ниски цени за Интернет терминалите за посетителите на нашите центри. Ова може да се постигне преку различни пристапи, почнувајќи со начинот на кој ги организираме нашите сопствени онлајн услуги, подигање на свеста за ова прашање во сите наши разговори со млади луѓе, на пример, со покажување како пристапуваме до информациите за време на советување, како и преку работилници и настани кои се занимаваат со ова прашање.

Како заклучок, генерално младинското информирање во сите негови различни форми и видови кои ние ќе ги нагласиме во овој прирачник за младинско информирање е дизајнирано за поддршка на младите луѓе на патот да станат возрасни, кои се во позиција да преземат одговорност за своите одлуки и избори, свесни се за своите можности и способни се да ги градат своите животи во согласност со нивните можности и способности, додека се активни членови на општеството кои можат да се справат со барањата на живеење во т.н. општество базирано на знаење.

Се разбира, младинското информирање не е самостојно решение за сите овие предизвици, туку еден значителен жаргон елемент во целокупната младинска политика насочена кон приближување и вклучување.

# Зошто Младинско информирање?





Интервју со Јуха Алатало (Финска)

## "Онлајн младинското информирање како предизвик"

Некои посебни карактеристики и промени на Финските Младински Информативни и Советодавни Центри треба да се направат со рурален карактер на голем дел од нашата земја заради тоа што релативно мал број на жители живеат во градовите, многу млади живеат во распрскани населби без младински услуги и исто така на голема оддалеченост. Ова е една од причините зошто ние сме особено заинтересирани за развој на локални и регионални онлајн услуги и нивно интегрирање во нашата работа. Добиваме голем број на прашања во нашите локални Младински Информативни Центри. Овие прашања можат да ги покријат сите видови на теми почнувајќи од барање работа до тешкотии со дечко, до чувство на депресија и барање помош. Еден онлајн контакт со еден млад човек може да вклучува неколку различни прашања. Се разбира ова е голем предизвик за нас - ние треба да ги користиме нашите мрежи и професионални способности и да најдеме прав одговор за младите. Некои онлајн прашања што во последно време беа примени се : "Здраво! Јас имам 14 години и размислувам каде би можела да работам, за да заработам пари за џепарлак. Јас ќе учествувам на јазичен курс во Лондон, в лето во 2010 година и очајно ми требаат пари, проблемот е каде би можела да работам?" "Кажете ми ... Јас се преселив во друг град поради моите студии. Се среќавам со мојот дечко само за време на викендите. За време на викендот тој повеќе би сакал да го поминува времето со неговите пријатели отколку со мене. Кога ќе се сретнеме тој не ме забележува. Ако јас би сакала да зборувам за него, тој само вели не сега, бидејќи е уморен или тој само можеби слуша кога зборувам, но јас не добивам никакви одговори. И ако јас прашам нешто, тој вели не знам. Еден ден го прашав зошто сака да излегува со мене. Неговиот одговор беше, „не знам". Ние сме заедно една и пол година. И јас сум неговата прва девојка.
"Јас сум во депресија неколку години и сега барам некаква помош. Читам на овие веб страници, каде младиот човек може да закаже состанок на телефон со социјални работници и медицински сестри меѓутоа нема број за 24 / 7 услуга. На кој број би можел да се јавам и да закажам состанок? Се прашувам што може да се случи таму? Јас само треба да зборувам со некој, јас сум многу вознемирен". Мислам дека овие примери покажуваат дека онлајн советувањето е предизвик. Имате само писмена информација и не секогаш е можно да побарате дополнителни информации. Поддршката од другите членови на персоналот е важна да се дознаат главните точки. На пример, прашањата за правни проблеми се многу чувствителни. И мора да се биде претпазлив и да се внимава како ќе се формулира вашиот одговор. Секогаш постои можност, дека младиот човек ќе сфати погрешно. Онлајн советувањето е многу интересна и корисна нова алатка за Младинското информирање, особено во земја како нашата како што реков претходно и да се направи тоа правилно треба многу внимание и обука за работниците.

Јуха Алато, 27 години,
Младински советник
Младински Информативен и
Советодавен центар
Нappи во Финска

# Што е Младинско информирање?

Информирањето на младите е специјализирана форма на младинската работа. За прв пат Младинските информативни центри беа поставени во доцните 1960-ти во Западна Европа, по некој значителен жаргон на промени во современите општества. Тие беа одговор на побарувачката на младите луѓе за давање на услуги со сигурни и точни одговори на прашањата кои ги засегаат младите на неформален начин, пријателска атмосфера и амбиент. Од тогаш, младинско информирање се разви многу брзо во Европа и стана специфичен дел од младинската работа во многу земји, вклучувајќи голема разновидност и опсег на форми на интервенција и услуги за младите луѓе. Начинот на кој младинското информирање како дело е претставено во поединечни земји и многу зависи и законодавството во врска со младите луѓе, целокупната улога на младинската работа и другите структури и капацитети на располагање на младите луѓе и оние кои работат со и за нив. Сепак, некои основни задачи и принципи се исти за сите младински информативни центри и услуги. Управата за младинското информирање има за цел да ги опфати сите релевантни субјекти за младите луѓе - обично од областите, опфатени се:

- ОБРАЗОВАНИЕ
- РАБОТА И КАРИЕРА
- СЛОБОДНОТО ВРЕМЕ, СПОРТСКИ И КУЛТУРНИ АКТИВНОСТИ
- ЗАКОНОДАВСТВО КОЕ СЕ ОДНЕСУВА НА МЛАДИТЕ ЛУЃЕ
- СМЕСТУВАЊЕ
- ПРАШАЊА ПОВРЗАНИ СО ПАРИ
- ЗДРАВСТВЕНИ ПРАШАЊА
- КАПАЦИТЕТИ И УСЛУГИ ЗА МЛАДИТЕ, ВО ЛОКАЛНАТА ОБЛАСТ
- ОДМОР И ПАТУВАЊЕ
- ВОЛОНТЕРСТВО И ЕВРОПСКИ И МЕЃУНАРОДНИ МОЖНОСТИ

Оваа листа не е исцрпна и може да варира од центар до центар, во зависност од другите сервиси кои се достапни за младите луѓе во соодветната област. Важно е да се согледаат потребите на младите луѓе за информации и да се обезбеди преглед на сите нив.

### За основните задачи ...

Основните задачи на Младинскиот Информативен Центар или услуга е да им даде сигурни, точни одговори од широк спектар на теми за корисниците, на лесно разбирлив начин, без претходно закажување.Младите луѓе имаат тенденција да делуваат кога се јавува потреба и состаноците ќе направат потешко да се консултирате со нив за вашите услуги. Младите лица кои контактираат со Младинските Информативни центри треба да знаат после првиот контакт кои ќе бидат нивните следни чекори. Со цел да бидат во можност да ја остварат својата основна цел Младинските Информативни Центри и услуги мора да извршат неколку задачи:

## Истражувања и документација

Основата на квалитетни информации, услуги е здрава и сигурна акција за информациите и документацијата која им овозможува на вработените да реагираат брзо на барањата и потребите изразени од страна на младите луѓе кои стапуваат во контакт со Младинските Информативни центри или услуги. Истражувањата и документацијата се од суштинско значење:

- истражете и одберете информации за широк спектар на теми релевантни за младите луѓе;
- организирајте и одржувајте близок контакт со сите видови на младински услуги поврзани со младите;
- организирајте ги, класифицирајте ги и направете каталог на информациите (on -и offline) со цел да брз пристап до информациите за вработените и корисниците;
- ажурирање на документацијата и достапните информации по редовна основа;
- да се обезбеди плурализам на извори и да им се покажат на младите луѓе различните опции што ги имаат.

# Што е Младинско информирање?



## Истражувања и документација

Релевантните одбрани информации може да се точни и најнови но може да не се лесно разбирливи за младите луѓе во начинот на презентирање од страна на изворот на информацијата. Друга улога на Младинските Информативни Центри и услуги е да се дизајнираат информации кои ги задоволуваат потребите на целната група:

- Преводите на текстови треба да бидат на јазик кој е лесно разбирлив.
- Чувајте ги јасните информации кои нудат различни нивоа на детали за оние кои сакаат почетен увид и оние кои веќе има поблизок и специфичен интерес во оваа тема.
- Организирајте ги расположливите информации на начин на кој ќе бидат лесно достапни и јасно селектирани според одредени критериуми.
- Креирање информатички производи (флаери, брошури, интернет услуги ...) кои се привлечни на младите луѓе на јасен јазик, дизајн и формат.
- Производство на материјал кој привлекува внимание и ги поттикнува младите луѓе да ги развијат интерес за одредени прашања.
- Дизајн на производи за оние млади луѓе кои не сакаат или имаат потешкотии со читање, на пример, дигитални приказни, видео, подкасти, стрипови, игри ...
- Организирање на вечери и настани на кои експертите и / или искусните млади луѓе ќе зборуваат за одредени теми.
- Организирање и одржување на мрежи со други соодветни служби, на пример, младинската работа, училиштата, а исто така и ширење на нови информации и услуги преку нив, со цел да стигнат до оние млади луѓе кој не контактираат со Младинските Информативни Центри или услуги по нивна сопствена иницијатива.

## Создавање на пријатна атмосфера

Една од најважните карактеристики на младинската информативна работа е дека ние сме обично контактирани од страна на индивидуални млади луѓе по нивна сопствена иницијатива и треба да се направи можност да се обврзуваме со нив по редовна основа и постепено градење доверба. Првиот контакт со МладинскитеИнформативни Центри и услуги е од суштинско значење:

- Создавање на пријателска, неформална и пријатна атмосфера (on и offline).
- Осигурајте се младите луѓе да имаат простор да истражат „околу“
- Поздравете ги младите луѓе кога ќе влезат во центрите, но не присилувајте ги со прашања веднаш.
- Направете го тоа видливо и јасно (on и offl ine) дека постои некој на располагање некој кој е подготвени да ги слуша, на пример, со тоа што персоналот е присутен во самата канцеларија или да имаат јасен контакт и опции на веб-сајтовите.
- Користете "забавни" услуги како пристап на Интернет, продажба на билети и така натаму така што младите луѓе ќе влегуваат во центрите доброволно.
- Направете го тоа јасно дека интеракцијата лице-в-лице е основа на вашите услуги, но дека младите луѓе се поздравуваат да ги користат и сите други средства како што се телефон, e-mail, Skype, MSN ...за своите прашања.

## Информации, ориентација и упатување

Младите луѓе стапуваат во контакт со Младинските Информативни Центри или услуги со јасно прашање кое може да се одговори веднаш или тие може да имаат посложена потреба, а понекогаш дури и не знаат што точно им треба. Младинските работници затоа мора да бидат обучени професионалци кои секогаш треба да ја имаат на ум главната цел на информирањето на младите во однос на „опремувањето“ на младите лица со она што тие треба да преземат за своите сопствени одлуки:

# Што е Младинско информирање?



- Покажете интерес и сватете го сериозно барањето на младиот човек.
- Дознајте преку активно слушање кои се потребите и прашањата на младиот човек.
- Кога е јасно дека младиот човек крие некои посложени прашања зад едно прашање, одговорите на првичната истрага треба да се лесни, давајќи му на младиот човек време да се релаксира и да изгради доверба.
- Упатувајте го него / неа во разговорот преку различни прашања за да се идентификуваат одговорите.
- Дадете ги бараните информации на јасен и разбирлив начин, приспособени на потребите на поединецот.
- Проверете дали младиот човек ги разбира предвидените информации.
- Помогнете му на младиот човек да ги процени различните опции, оставајќи ги одлуките за него или неа.
- Кога прашањето на младата личност треба да се реши од повеќе специјализирани услуги или институција, насочете го младиот човек што е можно поскоро да се обрати таму.
- Кога се праќа младиот човек на друга специјализирана услуга треба да се објасни што тој / таа може да очекува од таму и што ќе биде побарано од него неа, со цел да се намалат секакви сомнежи или неизвесност.
- Предложете им да се вратат и да ги истражат и дргите можности доколку работите не оделе како што треба со организацијата во која сте го испратиле.
- Организирање на вечери и настани на кои експертите и / или искусните млади луѓе ќе зборуваат за одредени теми.
- Организирање и одржување на мрежи со други соодветни служби, на пример, младинската работа, училиштата, а исто така и ширење на нови информации и услуги преку нив, со цел да стигнат до оние млади луѓе кој не контактираат

## Советување

Многу Младински Информативни Центри и услуги исто така нудат советување за млади луѓе. Оваа услуга, често зависи од локалните потреби и други објекти присутни во таа област и може да има различни форми.Без разлика која форма на советување ја има важно за Младинските Информативни Центри или услуги е да се почитува анонимноста и доверливоста на младите луѓе и треба да се одржува само со специјално обучен кадар.

Обука на одредени лица или сите од персоналот за советување, така што тоа може да се понуди по редовна основа.

- Специјализирани лица во одредени теми (на пр: прашања за пари, Европски програми, помош при барање на работа и др), да се оспособуваат кадри за овие цели и за извршување на овие услуги.
- Побарајте соработка со специјализирани институции кои се однесуваат за младите луѓе препорачувајте им ги на младите како ваши партнери.
- Понудете простор во Младинскиот Информативен Центар или на вашата Интернет платформа за експерти од други области (на пример, здравствени прашања, правни совети ...), на редовна основа или во одредени периоди.
- Стартувајте телефонски линии за разговарање со експерти во одредени термини.
- Понудете советување во целина или во специфични теми како онлајн услуга, осигурајте се дека вработените се обучени за оваа посебна форма на советување и дека постои мрежа на експерти кои можат да бидат консултирани.

# Што е Младинско информирање?



## Теренска работа

Во последниве години, важноста на теренска работа е зголемена.Младинските Информативни Центри и услуги ја гледаат јасно потребата не само да обезбедуваат информации од една фиксна локација, но, исто така, да ги донесат до младите луѓе во нивните средини. Ова е направено на многу различни начини:

- Да се биде присутен на саеми, соседни активности, фестивали и други манифестации со информации и често во комбинација со интерактивни активности како квизови, игри или работилници.
- Мобилни тимови како информирање на автобуски станици, паркирани пред училишта или културни центри.
- Информативни работилници за специфични теми или објаснување за она што младинското информирање има да понуди, во училиштата, младинските клубови и други заинтересирани групи.
- Организирање на информациски саеми и настани на јавни места поканувајќи експерти и партнери за да ги презентираат своите услуги.
- Барање на тесна соработка со структурите на младинската работа во дизајнирањето на материјали, особено за оние што можат да ги користат како мултипликатори при работа со нивните групи и индивидуално со младите луѓе.
- Релативно новата форма на теренска работа вклучува млади провајдери за информирање и изработка услугите да бидат достапни преку Онлајн социјалните заедници како Фејсбук, netlog и / или национални или локални мрежи.

## Младинско учество

Учеството на младите луѓе во сите фази на младинската информативна работастанува сè повеќе важно како основен принцип за работа.Во секои процеси во кои младите луѓе се вклучени, важно е дека одговорноста за квалитетот на крајниот производ останува на обучените младински работници и млади луѓе кои се вклучени и се свесни за нивните улоги, одговорности и граници.Младите луѓе мора да поминат обука и да бидат водени за сите задачи кои од нив се бара да ги исполнат. Причината за ова не е само во точноста на информациите кои треба да се обезбедат, исто така е и во фактот дека младите имаат потреба и право да работат во јасна рамка. Учество во младинската информативна работа може да има различни форми и да настанат на сите видови на нивоа:

- Вклучување на младите во дефинирање на потребите на своите врсници, на пример, допуштајќи им дизајн и спроведување на интервјуа.
- Дозволувајќи им на младите луѓе да креираат содржина, на пример, пишување текстови за одредени прашања од интерес за нив и нивните врсници или одредени блогови на вашиот сајт.
- Обука на младите да им пренесат информации и совети на своите пријатели и врсници, на пример, на специјална телефонска линија или пренесување на информации во нивниот секојдневен живот.
- Обука на младите да им даваат информации за специфични теми на нивните пријатели и врсници, на пример, во училиште или преку работилници.
- Вклучување на младите кои имаат искуство со специфични прашања (на пример одење во странство, барање работа) во информативните настани и допуштајќи им да ги споделат своите искуства со други заинтересирани млади луѓе.
- Вклучување на младите во дизајнот и изгледот на новиот Младински Информативен Центар или услуга.
- Помагање на младите луѓе да развиваат сопствени информативни канали, на пример, радио емисија за девојки, форум за специфични прашања ...
- Обезбедување на простор во центарот за сопствени иницијативи на младите луѓе и проекти давање поддршка со информации и совети, на пример, можно финансирање или други ресурси за нивните идеи.
- Организирање на групни активности, на пример, собирање на ставови на младите луѓе на одредена тема преку видеа.

# Што е Младинско информирање?

Сите од горенаведените примери се начини за спроведување на младинското информирање кон младите луѓе. Точниот микс на младинските информативни услуги кои се нудат зависи од многу фактори како што се локалните потреби, расположливите ресурси на Младинскиот Информативен Центар, другите постојни услуги и објекти за младите од соодветната област и идеи, способностите и визиите на персоналот кој е вклучен, како и барањата за поддршка од политичките стуктури и структурите за финансирање.

### Екстра услуги ....

Некои центри или услуги, исто така, можат да одлучат да понудат и дополнителни услуги. Ова може да биде поради желбата да привлечат повеќе млади луѓе, идентификација на сервисите за млади луѓе во регионот, или едноставно чувство дека дополнителните услуги би ги збогатиле животите на младите луѓе доколку ги користат. Примерите за екстра услуги кои се нудат од страна на Младинските Информативни Центри низ Европа, вклучуваат:

- Продажба на билети за концерти и / или други настани во таа област.
- Издавање на национални и / или Европски младински картички или други картички со попуст за млади луѓе и давање на услуги и информации за имателите на картичките.
- Дејствување како локален партнер на EURODESK и обезбедување на специјализирани информации за Европските можности за младите луѓе и младинските работници.
- Дејствување како на локална или регионална контакт точка за Програмата Млади во Акција и советување на заинтересираните поединци, групи на млади луѓе и младинските работници за тоа како да аплицираат за финансирање во рамките на програмата и / или функционирање како Организација за Европски волонтерски сервис (ЕВС) за испраќање на волонтери.
- Специјалната служба за млади независни патници и туристи, по редовна или по сезонска основа, состаноци за нивните потреби преку издавање на информации за градовите и туристичките пакети за млади луѓе, помагајќи им пронајдат евтино сместување, обезбедување на шкафчиња за нивниот багаж и нудење на информации на различни јазици.
- Придонес во соодветни здравствени услуги, на пример, можноста за земање на тест за бременост во соработка со специјализирана институција.
- Размена на простории со другите форми на младинската работа со цел на синергија и лесен пристап за хендикепираните млади луѓе (на пример, младински работници кои имаат завод да се водат на истата адреса од МИЦ).
- Помагање на млади луѓе за барање на работни места не само преку обезбедување на информации туку со организирање на летни работни саеми каде што можат да стапат директно во контакт со потенцијалните работодавци или да дадат придонес за поединци со интензивна работа на терен.

Не постојат строги правила на дополнителни услуги кои може да се понудат во Младинските Информативни Центри, додека потребите на целната група се исполнуваат и сите други обични услуги споменати погоре во согласност со принципите на Повелбата за Европско Младинско Информирање.

# Што е Младинско информирање?





## "Патување во странство"

Интервју со Вероника Е. (Австрија)

Моето прво искуство за групно патување во странство се оствари пред неколку недели после мојата дипломска работа. Сестра ми, ми кажа за една меѓународна младинска размена во Лисабон. Поминавме неколку дена заедно како една голема работна група за тема за нови приклучување на членови на Европската унија и секој учесник мораше да подготви кратка презентација за неговата земја. Нашата група ги учеше другите учесници како да танцуваат валцер. Бев многу возбудена после оваа младинска размена затоа што ја открив желбата да бидам член на меѓународна група. Исто така, ова искуство беше добро за моите англиски вештини и ми даде повеќе самодоверба.

Кога бев 19 години дознав за работни кампови. Отидов во Младинскиот Информативен Центар во Виена, бидејќи знаев дека постојат многу информации за младите.

Поминав половина ден разгледувајќи една голема папка со многу брошури и програми за волонтерска работа. Така го открив SCI (Сервис за интернационални граѓани) кој ми даде мотивација да го доживеам најубавиот период од мојот живот. Моето искуство во првиот работен камп беше прекрасно. Јас се определил за камп за животна средина во Исланд, во близина на Рејкјавик, во паркот на природата. Ние реновиравме куќа во шумата во предел каде што се засадени дрвја со убав и волшебен пејзаж на Исланд. Чувството да се направи нешто за животна средина и да се забавуваме во исто време беше навистина добро. Ова искуство од работниот камп влијаеше на мене, бидејќи тоа беше прв пат да патувам сама на север. Јас исто така, научив како лесно да се справувам со непријатни ситуации затоа што морав да го променам летот на авионот и авиокомпанијата го загуби мојот багаж. Јас го добив назад по речиси една недела и морав да се справам со тоа.

После тоа јас учествував во повеќе меѓународни работни кампови и обуки и овие искуства ме поттикнаа да одлучам да одам на Еразмус.
Во август 2009 година отидов на младинска размена, како лидер на австриската група. Се чувствував подготвена да ја доживеам размената во друга улога. Тоа беше многу убаво искуство за мене да доживеам дека целата средба може да биде влијателна на предлози и флексибилна за подобрувања. Уживав да водам игри и енерџајзери и беше предизвик за мене да ја имам оваа одговорност (затоа што претходно имав некои проблеми со тоа во мојот секојдневен живот). Една добра работа е дека сакав да ја надминам срамежливата страна што понекогаш ја имам. Моја омилена пошта што ја добивам од Младинскиот Информативен Центар е нивниот билтен на Европа и Меѓународната мобилност. Јас се чувствувам како дете на Божиќ во секое време кога ќе го добијам билтенот, бидејќи тоа вклучува многу интересни понуди за младите во Европа и повеќето од нив се речиси бесплатни. Младинските размени и обуки на кои учествував беа објавени во овој билтен. Кога го читам, се расположувам да патувам и да запознавам млади луѓе од целиот свет.Значи ги гледам овие можности како подароци за младите и можности додека не ги исполнам возрасните граници и барања во повиците.

Вероника Е., 24 години, Виена

# Како да воспоставите Младински Информативен Центар и услуги



Кога се одлучува да се воспостави Младинскиот Информативен Центар на локално, регионално па дури и на национално ниво, постојат многу фактори кои треба да бидат земени во предвид. Ова се некои елементи кои треба да се разгледаат кога го започнувате вашето планирање.

Секогаш се е поврзано со потребите на младите луѓе! ....

## Утврдување на потребите на младите луѓе

Генерално младинското информирање се базира врз принципот корисникот секогаш да биде во центарот на вниманието, па затоа појдовна точка треба да ни служат потребите на младите луѓе. Најважен аспект на вашето истражување е да ги прашате млади луѓе. Младинското информирање, секогаш се стреми, да го затвори јазот во потребата на достапни информации, а не да ги дуплира веќе постоечките услуги. Многу значајно и битно е точно да се определи социо-културната средина во која ќе биде воспоставен младинскиот информативен центар или услуга што истиот ќе ја дава.

## Методи кои можат да се користат за да се добие идеја:

- Да се изготви прашалник или анкета и истата да се спроведи во училиштата, младинските клубови, младинските организации и други места кои се често посетувани од младите луѓе. Прашалникот е покорисен доколку е изработен во заедничка соработка со млади луѓе, односно нивно директно вклучување и барање од младите да се соберат мислењата на нивните врсници.

- Побарајте соработка со младински истражувачки институции и прашајте ги нив дали тие имаат релевантни податоци во врска со прашањата кои вас ве интересираат или побарајте да ве вклучат во нивните истражувања во оние делови за кои ви требаат информации (содржини, начини на презентација информациите кои треба да бидат доставени и така натаму).

- Организирајте фокус групи со млади луѓе за тоа кои се нивните желби и очекувања, за да дискусијата има поголема длабочина.

- Исто така интервјуирајте луѓе кои работат за и со младите луѓе. Тие можат да ви дадат совети за теми кои самите млади луѓе не се чувствуваат слободни да ги кажат директно.

- Истражувајте ги услугите кои се достапни за младите луѓе во соодветните области и изгответе карта на социо-културна средина во тој регион. Дополнителна вредност може да се постигне ако ги прашате самите млади луѓе да ја нацртаат таа мапа - што може да даде сосема јасна слика на она што е важно за нив и / или на услугите кои свесно или несвесно им се потребни.

- Користете го за пример, создавање на две или повеќе типични корисници на вашите услуги. Дајте им име и историја и додавајте статии и слики на кои ќе наидете, а кои може да се однесуват на нив и на нивниот профил.

- Имајте на ум дека не постои такво нешто, млади луѓе како единка, односно тие не се хомогена категорија, туку различни групи на млади луѓе со многу различни потреби. Затоа мора да се осигурате дека ќе бидат консултирани луѓе од различно потекло и кои имаат различни услови на живот, со што навистина ќе се добие јасна слика.

Оваа листа во никој случај не е исцрпна, користете ја вашата сопствена креативност и креативноста на младите луѓе за да пронајдете методи и начини како да ги мотивирате младите луѓе, да го дадат своето мислење и коментар. На крајот на краиштата, ќе има многу обиди и многу грешки, што е дел од самиот процес.

## Младите не се единствените кои имаат потреба

При отварањето на Младинскиот Информативен Центар неопходна ви е финансиска и друг вид поддршка. Затоа е корисно да се дознаат не само потребите на својата целна група, но исто така и потребите на можните финансиски поддржувачи и партнери. Дознајте која би била нивната корист од таков центар или негова одредена услуга во нивната област.

# Како да воспоставите Младински Информативен Центар и услуги



- Разговарајте со креаторите на политиката во поглед на нивните потреби на комуникација со млади луѓе и како центарот може да излезе во пресрет на нивните младински политики.

- Вклучете ги луѓето во политика и администрација кога го правите вашето истражување за потребите на младите луѓе - побарајте нивни мислења.

- Прашајте младински работници и луѓе кои работат во специјализирани сервиси за млади луѓе каков вид на информативен материјал може да им помогне нив во нивната работа.

- Прашајте ги оние кои даваат некакви услуги на млади луѓе како тие комуницираат со младите луѓе и за да им стане јасна вашата работа објаснете му дека, Младинскиот Информативен Центар, нема да ги дуплира веќе постоечките капацитети, туку напротив една од неговите улоги е да ги препрати младите луѓе до веќе постоечките установи и да ги препорача нивните услуги.

- Направете на сите да им биде кристално јасно дека младинското информирање е форма на превенција.

## Воспоставување на мрежа

Вмрежувањето е суштински дел од работата на младинското информирање. Воспоставувањето и одржувањето на мрежи со институциите кои се поврзани со младите, со креаторите на политиката и административците кои се занимаваат со младински прашања, е единствениот начин да имате јасен преглед на целокупната слика.

Младинските информативни центри можат да ја користат нивната мрежа не само за да разменуваат најнови информации и да можат точно да утврдат каде да ги упатат младите луѓе, туку и да можат да развијат нови услуги заедно со партнерите, да ги утврдат празнините во постоечките услуги за младите и воопшто да изградат силно лоби мрежа за интересите и потребите на општата целна група.

Мрежите се засновани на заедничкото верување дека она што може да се постигне заедно не може да биде постигнато поединечно.

Размената на информации, знаење и искуства може единствено да биде направено во двонасочен систем и со меѓусебно разбирање за разликите помеѓу партнерите. Затоа, кога постои вмрежување мора да има и градење на доверба, како и постојана комуникација помеѓу партнерите кои се еднакви. Партнерите во мрежата мора да да бидат свесни и за заедничките цели но и за различните потреби и почетни точки на играчите кои се вклучени.

Иако мрежите мора да се градат во ко-оперативна наместо хиерархиска поставеност за да функционираат најдобро, секогаш постои потреба некој да ја преземе водечката улога во врска со одредена тематика, да ги прати развојот и структурата на комуникацијата, така што партнерите кои се вклучени да можат целосно да се концентрираат на нивните придонеси за заедничкиот проект или специфичната заедничка цел.
Оваа водечка улога во самата мрежа може да варира со текот на времето во зависност од активноста. Поради тоа што Младинските Информативни Центри се генерализирани информациони стожери, и извршуваат различни улоги од останатите специјализирани установи за информирање, најчесто тие ја имаат улогата на координатор во мрежата.

Мрежите не само што ќе бидат една од основните темели на квалитетот на услуги што може да понуди на младите луѓе откако младинското информирање, центар или услуга се основани, но исто така може да биде од клучно значење и помош за кога ќе се најдат во процес на поставување на вашата услуга преку поддршка на воспоставувањето на вашиот центар или услуга вис-à-вис носители на одлуки и потенцијални финансиски партнери. Вие треба да ги вклучите партнерите од сите нивоа и млади, сродни организации и институции, од самиот почеток, прашајте за нивните мислења, понуди и соработка во заеднички проекти и да ги покаките за придонес до формирање на оваа нова услуга за млади луѓе или официјално, на пример, со тоа што се дел од група за планирање, или неформално.

# Како да воспоставите Младински Информативен Центар и услуги

**Воспоставување на мрежа е долготраен процес за кој треба време и енергија:**

Започнете со посета на релевантни организации и институции и замолете ги да Ви објаснат она што тие го прават.

Објаснете што се младински информации и најавете го вашиот интерес за соработка.

Посетете саеми, конференции и семинари во поврзани со млади, одржувајте контакти и црпете искуства.

Покани партнери на тркалезна маса на одредена тема со цел размена на искуства или план за заеднички проект.

Биди достапен кога на другите партнери им треба поддршка за нивните проекти, дури и ако од тоа нема конкретен резултат во тоа време.

Ако поставувате нов Младински Информативен Центар или услуга во земја каде што другите младински информативни структури веќе постојат или се планира поставување на повеќе од еден центар, тие се вашите најблиски партнери и со повеќето од нив можете да изградите важна мрежа. Активно барај тесна соработка со други младински информативни центри и услуги за потребите на:

Размена на искуства и најдобри практики,

Заеднички информативни производи (на пример, поделба на теми и на тој начин за споделување на работата),

Работа со набљудување и можности за обука за персонал,

Развој на заеднички национални критериуми за квалитет и мерења,

Заедничко лобирање за младинска работа и информации,

Заеднички односи со јавноста,

Национални финансиски средства за заеднички проекти.



## Мисија и услуги

### Изјава за мисијата за да ви послужи како водич

Изготвување на изјава за мисијата не само што ќе им помогне да се разјасни вашиот проект, но исто така ќе биде од корист во продажба на вашата идеја не само за за потенцијалните спонзори и партнери туку и за самите млади. Дефинирајте ја мисијата на младински информативен центар и услуга врз основа на:

Идентификација на потребите за информации на младите луѓе,

Вашата социо-културна средина,

Потребите изразени од страна на релевантни партнери во полето на млади и младинска политика,

Вашата визија и стручна експертиза,

Принципите и методите за определен обем на младинско информирање.

### Микс на услуги

Младинската информација може да биде доставена во многу различни начини и има развиено широка палета на услуги. На почетокот, тоа ќе биде од големо значење за да изберете од миксот на услуги, која најмногу одговара на вашата локална / регионална / национална ситуација како и на ресурсите со кои располагате. Докажано е дека подобро и поуспешно е да се започне со помал спектар на услуги и да се изгради импактот наместо да се обидувате да се направи сè одеднаш. Според тоа, може да биде корисно да ги поделите услугите што сакате да ги доставувате во две фази:

| | |
|---|---|
| Фаза 1 - најважна: | Јадрото или приоритетни услуги кои Младинскиот Информативен Центар или услуга ќе ги обезбеди. |
| Фаза 2 - во слободен стил: | Дополнителни услуги кои сакате да бидат обезбедени откако Младинскиот Информативен Центар или услуга е добро поставен и ресурсите го дозволуваат тоа. |

# Како да воспоставите Младински Информативен Центар и услуги

## Правен статус и финансирање

Со цел да ги извршува своите функции и задачи, младинскиот информативен центар или услуга му треба правен статус, кој, се разбира, е тесно поврзан со можните средства за финансирање. Правниот статус на таквата услуга повторно во голема мера зависи и од законите и структурите во однос на младинската работа и целокупната улога на невладините здруженија во соодветната земја.

### Правен статус

Во моментов, постојат три различни опции за младинско информирање:

- да се биде посебна невладина, непрофитна асоцијација,
- да се биде дел од невладините, непрофитни здруженија кои нудат различни форми на младинската работа,
- да се биде дел од некој јавен орган (национално, регионално или локално ниво).

Сите овие форми се можни и сите имаат предности како и недостатоци.

Да се биде дел од некој јавен орган, покажува дека степенот на важност е поголем, и финансирањето е релативно стабилно, но сепак, во службени простории е потешко младите луѓе да ве посетуваат.

Да се биде дел од една поголема асоцијација за младинска работа веројатно значи дека можете да се потпирате на некои административни функции кои се на централно ниво, но исто така треба да бидете сигурни дека младинското информирање останува приоритет за организацијата.

Да се биде независна, не Профитна организација, најверојатно даванајмногу слобода во одлучувањето на услугите кои сакате да ги обезбедите но, се разбира, исто така, значи дека мора да се обезбедат потребните финансирања. Правниот статус ќе се одлучува и ќе зависи од целокупната ситуација на младинската работа во вашата земја.

### Финансирање

Како што споменавме погоре, финансирање на младинскиот информативен центар или услугата е многу тесно поврзано со легалниот статус. Во моментов, Младинските информативни центри на ниво на Европа се финансирани на следниве начини:

- Младинските центри се дел од програмите / активностите водени од централната или регионална власт. Во овој случај, вработените се вработени директно, а просториите и неопходните материјали се обезбедени од страна на владата.
- Младинските информации се дел од активностите на ниво на локалната заедница и вработените се вработени директно од страна на локалната власт кои исто така им обезбедуваат простории и други неопходни средства.
- Младинските информативни центри се обезбедени од невладини не-профитни здруженија кои бараат финансирање на редовна основа, вклучително и преку проекти. Многу често овие здруженија се финансирани од различни извори, на пример, регионалната влада и на општината во која се наоѓаат, и мора да бараат дополнителни финансиски средства од други извори.

Покрај тоа, во некои европски земји, националното министерство е надлежно за работа со младинското национално тело и е должно да обезбеди доследна услуга, кординација и синергија на сите останати тела кои служат за младинско информирање во земјата.

Младинската информација е успешна кога ќе се постави како тековна услуга, и центрите секогаш треба да се стремат за стабилно финансирање за да можат да обезбедат континуитет во истото, дури и ако користите финансирање од проекти за да стартувате со центарот.

Фактот што најголемиот дел од трошоците во Младинскиот Информативен Центар се најчесто трошоци за вработените не ја прави вашата задача полесна. Можеби ќе мора да се објасни целосно во буџетот зошто ова е клучен фактор за успехот на центарот.

# Како да воспоставите Младински Информативен Центар и услуги

Во прилог на јавното финансирање на локално, регионално или национално ниво, можат да се бараат други извори, особено кога требаат дополнителни средства за проекти или иновативни услуги. Побарајте Европско финансирање (ако се наоѓате во земја што е прифатлива за европски или предпристапните програми) и поддршка на фондациите од приватниот сектор.

## Локација и вработени

### Каде се наоѓаме

Изнаоѓање на соодветна локација за твојот младински информативен центар обично е една од најважните задачи, но има големо влијание за услугите кои можат да се обезбедат и корисниците кои ќе го посетат вашиот центар. Важно е да одлучите и за изгледот за просториите зависно од услугите што сакате да се нудат.



Младинскиот Информативен Центар треба:

да се наоѓа во област од градот кој често го посетуваат младите или е лесно достапен за јавен превоз,

да биде како киоск, кој е директно достапен на улица и има јасна идентификација, и можност за информации од надвор,

треба да имате рецепцијата која вклучува:

- Простор за приказ на информативен материјал или папки,

- Биро или Бироа за млдинските работници кои работат на рецепција ,

- Маси и столчиња за младите да седнат, разговараат и да се консултираат за материјалите,

- Достапни компјутери и интернет (пр. за даподготват Биографии),

- Еден фотокопир, кој исто така може да се користи од страна на младите луѓе,

- Простор за пречек на групи,

да има една или повеќе простории, кои може да се користат за состаноци и работа со групи, за приватни разговори или советување,

да бидат достапни за луѓе со физичка попреченост,

да има посебен простор за директор и / или администрација,

да има доволно простор за складирање на информативни материјали,

да бидат опремени со кујна и купатило.

Најдобар начин да се постигне ова е да се вклучат млади луѓе од самиот почеток во поставувањето на просториите.

### Кои сме ние

Неколку европски земји имаат формална едукација за млади информативни работници. Многу млади информативни структури се организирани со национални курсеви за обука или индивидуални на локално / регионално ниво понудени од ERYICA. Без разлика како е направена, соодветната обука на вработените е клучен предуслов за успешна младинска информативна работа на сите нивоа.
Вештини и ставови потребни за младинско информирање:

Интерперсонални вештини,

Истражувачки, обработка на податоци и управување со податоци,

Пишување и основни проектантски способности (да се произведе соодветен материјал на целната група),

Вештини за комуникација и информатички технологии,

Вмрежување и комуникациски вештини (вклучувајќи ги основните ПР),

Вештини во работа со групи и презентирање на различни теми,

Административни вештини и самоконтрола.

Идентификување на потребите на младите луѓе и користење на ова знаење во самата работа на центарот,

Свесност за младинските информативни принципи, теорија и способност за нивна имплементација во пракса,

# Како да воспоставите Младински Информативен Центар и услуги

Свесност за релевантниот правен контекст (професионалните кодекси, авторските права, законите ...),

Интересот кај младите луѓе и нивните услови на живеење,

Отвореност и љубопитност,

Флексибилност и желба да присуствуваат на континуирана обука.

Овие вештини и ставови можат да се гледаат како суштествени барања за вршење на младинско информирање. Центарот одлучува дали сите вработени треба да бидат универзалци или пак задачите ќе бидат поделени и персоналот може да се специјализира во некои од вештините, зависно од ресурсите на располагање, внатрешната структура на организацијата и услуги кои ќе бидат понудени. Во малите центри, едно лице може да стори сé што е во неговите / нејзините способности, што значи дека не сè, може да се покрие, барем не од самиот почеток. Во овој случај, истиот се концентрира на способности што му се потребни кога е во директен контакт со младите корисници, но не заборавајте дека, на пример, вмрежувањето и ПР-от (односите со јавноста) се многу важни за да се обезбеди продолжување на работата на центарот.

## Обука

Обично младите информативни работници доаѓаат од многу различни професионални потекла: од полето на младинската работа, социјалната работа, психологијата се само некои примери. Исто така библиотекарство и управавување со документација или новинарството, и сето тоа повторно зависи од целокупната позицијата на младинска работа во соодветната земја. Сепак, вие треба да ги обезбедите сите со обука за сите аспекти на младинското информирање што се нудат во вашиот центар.Ова може да се направи преку:

Обуки во самиот центар за да ги споделите вашите искуства и знаења во младинското информирање со новите работници,
Работа со набљудување и размена на искуство со вработените во други младински информативни центри,
Локални / регионални или национални тренинг курсеви организирани од страна на твојата младинска мрежа,

Барање од ERYICA да организира основна или специјализирана обука за вашите работници или мрежата на младински информативни центри,

Учество во "Обука на обучувачи", се разбира организирана од ERYICA на европско ниво и доставување на обуката во вашата земја,

Изнаоѓање на земји кои, на пример, го делат истиот или сличен јазик со вас и обезбедуваат специјализирана обука и истражување на можностите за вашиот персонал да учествува во таква обука,

Овозможување на вашите работници да присуствуваат на обука на различни вештини потребни за младинско информирање, на пример, комуникациски вештини, користење на новите технологии, методи за работа со групи, итн, понудени од страна на институти за обука, што е можно почесто.

Доколку не е можно да се вработат луѓе во вашиот центар или да одлучите од било која друга причина да работите со волонтери, главно, имајте на ум дека тие, исто така, треба да бидат обучени млади со информации и вештини за да обезбедат професионална услуга кон младите луѓе.

## Квалитет и евалуација

При поставување на Младинскиот Информативен Центар или услуга, одлучете од самиот почеток за тоа како ќе се оцени вашата работа, на определен обем квалитет и одржување, па дури и како ќе го подобрите квалитетот на вашите услуги на редовна основа. Ќе треба да го направите тоа не само за да може да одговате на најефикасен начин на променливите потреби на младите луѓе, но, исто така, да го осигурате вашето финансирање и поддршката на партнерите и да генерирате поголема корист за млади луѓе во соодветната област.

## Следете и реагирајте

При изготвувањето на Вашиот план за формирање на Младинскиот Информативен Центар, бидете сигурни дека уште од самиот почеток треба да се вклучат некои мерки за следење на прашања со кои ќе се соочите, како и да проверите дали младите се задоволни со вашите услуги. Некои од начините да дознаете повеќе:

Чувајте ги статистичките податоци за прашања што ги добивате, на пример, од возраста и полот на оние што прашуваат, темите што се од интерес, средствата за комуникација (на пример, лице в лице, телефон, интернет,...) на кои тие избираат за да ве контактираат за конкретни теми и така натаму.

Анализа на овие податоци во вашиот тим.

Од време на време, да побарате од вработените кои се во секојдневен контакт со младите луѓе посета на вашиот центар затоа што нивната проценка на ситуацијата може да даде многу важни показатели на новите трендови и променетите контексти кои се јавуваат кај младите луѓе.

Истражување на младите луѓе со прашалници (ако е можно, вклучувајќи млади луѓе повторно директно).

Користете симулација за да надвор на терен, на вистински начин вашите услугите се испорачуваат на дневна основа.

Младинското информирање се базира на еден збир на принципи, како и широк спектар на теорија, стандарди и критериуми кои сега се прикачени на него. Ова е Вашата основа да се започне, и имајте постојано на ум, дека поставувате нов сервис за млади луѓе. Можете да ги користите не само како основа за вашата работа но и како важен дел од вашето известување и легитимирањето на своите акции во однос на оние кои го поддржуваат вашиот центар, финансиски, политички или на административно ниво. Управување со квалитетот е процес кој треба континуирано и критичко преиспитување. Исто така треба да се вклучите во проекти и конференции кои се случуваат на ниво на Европа, кои што можат да ви понудат свои искуства.

## Учете од искуството на Европската мрежа

Кога размислувате за започнување на нов младински информативен центар во вашиот регион или земја, можете да се потпрете на широкиот спектар на искуствата и експертизата од цела Европа. Затоа што секогаш е полесно да се разбере еден концепт кога веќе се применува.
Посетата на постојните младински информиративни тела во другите држави докажано е како извор на инспирација за многумина. ERYICA помага да најдете партнери кои, на пример, работат во животна средина,слична на онаа каде што планирате да го отворете вашиот, нудат услуги кои сакате да ги спроведете итн. ERYICA може да ви воспостави контакт со членовите кои работат на ова поле и се засегнати од истата проблематика. Можете да ги контактирате и да побарате материјал од партнерите, но најдобриот начин да се научи е да се отиде и да се воспостави личен контакт. Ќе бидете повеќе од добредојдени.
Исто така, ова треба да го гледате како можно финансирање, на пример, преку акцијата за набљудување на работно место во рамките на ЕУ програмата Млади во Акција. Откако ќе оформите ваков центар, можете да станете членка на ERYICA или на на национално тело кое е веќе член и веќе ги користи прдобивките од тоа што е  дел од европската мрежа.

# Како да воспоставите Младински Информативен Центар и услуги



Интервју со М.Ц (Холандија)

## "Сфатете ги младите луѓе сериозно"

Во еден момент јас немав причина да живеам повеќе .... Јас не можев да одам никаде. Спиев во кутија во визбата на пријател...

Избегав од дома. Кога бев мала бев физички и сексуално злоставувана. Не ме сфаќајте погрешно, ја сакам мајка ми, таа ме носела 9 месеци. Но, ... таа е странец за мене. Таа никогаш не ме заштити од злоупотребата. Веројатно затоа што има многу проблеми со себеси. Како и да е ние не сме на исто ниво како сите останати и не комуницираме. Имавме кавги цело време. Јас само имав потреба да избегам од таму.Морав да одам по мојот пат и да најдам сигурно место за мене.
Потоа се преселив да живеам кај моја пријателка. По извесно време ние не се сложуваме и на тој начин завршив да спијам во кутија во визбата на еден пријател.Отидов да го посетам Одделот за социјална работа за млади луѓе на град Ротердам.

Тие не можеа да сторат многу за мене, но ми ја дадоа адресата на Младинскиот Информативен Центар (JIP) и јас директно отидов таму. Првиот пат кога појдов таму, поминав часови на тоа место. Луѓето кои работат таму најдоа место за мене да преспијам неколку ноќи, но уште поважно тие ми дадоа надеж дека се уште има шанси за мене. Потоа, требаше да добијам место за престој во Младинска установа за кризни интервенции и насоки. Сето тоа беше договорено и дознав дека не можам да престојувам таму затоа што немав лична карта.
Јас ја загубив или ми беше украдена не сум веќе сигурна што се случи. Морав да одам во Хаг бидејќи сум родена таму да извадам лична карта. Отидов два пати и двата пати не успеав да земам лична карта. Потоа, вработените во Младинскиот Информативен Центар направија неколку телефонски повици за мене. Тие ме насмеаја кога ми кажаа дека она што тие го работат го нарекоа "професионална злоупотреба". И одеднаш јас можев да одам и да ја земам мојата лична карта, неверојатно нели?
Значи, на крајот можев да се преселам во Младинската установа за кризни интервенции каде што и сега живеам и каде што посетувам „насочување“.

Тоа е нешто што ми беше потребно после сите нешта кои се случија во мојот живот. Следни чекори? Да одам на училиште, да го завршам и да најдам одлична работа! Во принцип мислам дека младите луѓе не се сфаќаат сериозно. Луѓето кои ги запознав во Младинскиот Информативен Центар беа сосема различни. Тие слушаат, преземаат мерки и наоѓаат решенија. Многу добро е да се има организација која е тука за младите луѓе, бидејќи многу од организациите кои треба да им помогнат на младите го „подигаат носот“ и не им е грижа. Друга добра работа е тоа што можете да одите таму и да ви помогнат на самото место како што во моментот ви треба.Ако Младинските Информативни Центри не би постоеле би требало да се најде друго решение...јас веќе најдов нешто, но сум навистина среќна што Младинскиот Информативен Центар ми помогна

М.С. 19 години, Ротердам

# Европската димензија за младинско информирање

## Совет на Европа

На политичко ниво, Советот на Европа ги поддржа идеите и принципите на младинското информирање од самиот почеток. Препораката број (90) 7 на Комитетот на министри на Советот на Европа во 1990 година беше важен чекор во признавање на оваа област на младинската работа. Од тогаш Советот на Европа продолжува да се фокусира на младинското информирање, како на пример, кога се приклучија на ERYICA во 2007 година во одржувањето на colloquy на "Иднината на Младинското Информирање во Европа". Советот на Европа, исто така, потпиша договор за партнерство со ERYICA во 1997 година, а со тоа ја продлабочи соработката на Европско ниво. Ова партнерство обезбеди рамка не само за заедничкиот colloquy но исто така и за студирање на младинското информирање во Европа и за активностите, обуките за младинските информативни работници. Покрај оваа соработка, Советот на Европа исто така има многу други работи да понуди кои би можеле да бидат од интерес за вас: www.coe.int/youth.

## Европски Ресурсен Центар за младинска политика

Развиен во рамките на Советот на Европа и Европската комисија за партнерство во младинското поле, како виртуелен центар за знаење кој има за цел да биде лесен пристапот до информации и знаење за младите луѓе во Европа. Тој нуди информации за теми кои се релевантни за младите луѓе во Европа и се однесуваат на европските младински политики (исто така, вклучувајќи го и младинското информирање), како и земјата на информации давајќи преглед на ситуацијата во однос на соодветните теми во различни европски земји. Покрај тоа, можете да пребарувате директно во две бази на податоци: една што ги опфаќа добрите практики во младинската работа и младинскиот развој на политиката и од друга експерти во различни полиња кои ги покриваат стандардните теми поврзани со младите. Можете да пребарувате и во библиотеката, која вклучува Т-колекции, политики и истражувања, документи и други публикации поврзани со младите: www.youth-partnership.net

## Можности за финансирање

Европската младинска фондација (EYF) е основана во 1972 година за да обезбеди финансиска поддршка за европските младински активности кои се наменети за промоција на мирот, разбирањето и соработката во духот на почитувањето на основните вредности на Советот на Европа како што се човековите права, демократијата, толеранцијата и солидарноста. Активностите кои се финансирани од страна на EYF се поделени во четири категории:

А) Меѓународни младински состаноци
Б) Младински активности, освен состаноци
В) Управа на невладини организации и мрежи
Г) Пилот проекти

За детални информации околу критериумите за тоа кој може да се примени и она што е дозволено, како и за роковите, ве молиме одете на: http://www.coe.int/t/dg4/youth/fej/FEJ_presentation_EN.asp

Солидарниот фонд за мобилност на младите е формиран во соработка со Меѓународната унија на железници и е наменет за поддршка на меѓународната мобилност на маргинализираните млади луѓе. Тој може да се користи за покривање на патување со воз на групи од млади луѓе од посиромашно потекло и / или стопански недоволно развиени области кои сакаат да присуствуваат на интернационални и надворешни образовни активности. За понатамошни детали околу оваа прилика, Ве молиме одете на: http://www.eyf.coe.int/fsmj/

## Можности за обука

Дирекцијата за млади и спорт (DYS) на Советот на Европа нуди широк спектар на можности кога станува збор за обука во рамките на младинскиот сектор. Курсевите за обука се теми како што се работа во рамките на меѓународните младински структури, европско државјанство, младинска обука, образование за човековите права и младинска партиципација. Интеркултурни обуки, вклучувајќи и на арапски, руски или турски јазик, исто така се предвидени. Во рамките на сопствената програма за обука, Европските Младински Центри ја извршуваат годишната програма преку студиски сесии и други активности во соработка со невладини и владини младински партнери. Младинскиот сектор на Советот на Европа на веб-сајтот исто така вклучува и дополнителни документи за квалитет во неформалното образование, обука и пристап до DYS мрежата на тренери. Погледнете во делот за "Образование и обука" на следната страна: http://www.coe.int/t/dg4/youth/default_en.asp

# Европската димензија за младинско информирање



## Европска Унија

Европската комисија во 2001 година издаде Бела книга наречена "Нов поттик за Европската младина", во која младинските информации се идентификуваат како еден од четирите клучни приоритети (заедно со партиципација, волонтерската работа и повеќе знаење за младите). Од тогаш, Земјите-членки имаат должност да соработуваат во тие области преку т.н. отворен метод на координација. Белата книга идентификува дека Младинско информирање е тесно поврзано со учеството на младите луѓе во општеството и во поглед на лесен пристап до информации, квалитетот на доставените информации и вклучување на младите луѓе во производството на информации, како клучни поени.

Од тогаш младинската политика во Европа се промени од 2001 година и Европската унија во моментов подготвува нова рамка за соработка во младинската политика во Европа, а Белата книга останува важна референтна точка за Европското младинско информирање и потребите и идеите изразени во неа се уште се валидни.

## Европски младински портал

Европскиот младински портал беше лансиран од страна на Европската комисија во 2004 година за да обезбеди платформа со специјализирани информации кои се интересни за младите граѓани во Европа. Тоа е повеќејазичен портал со информации за покривање на следните теми:

- Обука,
- Работа,
- Волонтерство / размена,
- Вашите права,
- Информации за Европа,
- Портали за млади луѓе,
- Активно граѓанство,
- Патување во Европа.

Преку избрани врски со кратки описи на европско ниво и за сите членки на ЕУ, плус Норвешка, Лихтенштајн и Турција. Тоа исто така го вклучува и делот за вести, форум за дискусија и редовни избори. Содржината е редовно обновувана и ревидирана од страна на EURODESK мрежата. http://europa.eu/youth

## Можности за финансирање

Програмата Млади во Акција нуди многу можности за финансирање во рамките на младинското поле во Европа. Особено интересни за младите се информациите кои вклучуваат поддршка и мерки за младинските работници или младински организации и иницијативи да се зголеми квалитетот на нашата работа, како и оние кои ја поддржуваат младинската политика како операција на европско ниво. Се разбира, сепак, сите други активности се движат од младински размени и младински иницијативи на Европскиот волонтерски сервис, исто така, може да се вклучат во активностите преземени од страна на Младинските Информативни Центри и услуги. Дознајте повеќе од вашата национална агенција или на адреса:

http://ec.europa.eu/youth/youth-in-action-programme

Како младинските информации покриваат огромен спектар на теми од културни активности за млади луѓе преку иницијативи за невработеноста кај младите и социјално вклучување, може да има натамошни можности за финансирање во рамките на други европски програми - може да се во една земја која е погодна за овие програми, или во предпристапните земји или можете да најдете доволно партнери од и надвор од Европската унија да аплицираат за финансирање за проекти за акција која е наменета за соработка со соседните европски или други земји од светот. Базата на податоци EURODESK може да ви даде почетен преглед на различни програми и можности за финансирање достапни во Европа во однос на обука и едукација за младите. На пример, преку користењето за пребарување на одредена тема со малку трпение и креативност ќе може да откриете голем број на иновативни можности.

http://www.eurodesk.eu/edesk/SearchDb.do?go=4

## Можности за обука

SALTO е Младински Ресурсен центар кој нуди различни услуги во смисла на обуки во младинското поле во Европа, вклучувајќи го и Календарот за европско образование, база на податоци со листи за искусни обучувачи за различни теми и „Кутија со алатки“ за обука која содржи методи за обука, позадина на информации и материјали за обука.
http://www.salto-youth.net/

# Европската димензија за младинско информирање

## ERYICA

ERYICA е основана во 1986 година, кога потребата за младинска соработка и размена на европско ниво стана многу јасна. Од тогаш, Агенцијата значително се прошири и сега е чадор организација за генерално младинско информирање и советување, и главно претставува национални тела за координација од цела Европа. Во 2009 година, ERYICA имаше 25 членови и 5 афилијативни и 3 организации за соработка. Таа се обидува да го зајакне младинското информирање во Европа преку различни активности и услуги за своите членови:

### Развој на професионални принципи и поддршка на документи

Европска Младинска информативна повелба.

Индикатори за националната младинска политика на информирање.

Принципи за онлајн младинско информирање.

Извештај и дополнителни документи на Colloquy на тема "Иднината на младинското информирање во Европа".

Поддршка и експертиза за развојот на национални стандарди и критериумите за младинско информирање.

Размена на методи, најдобри практики и искуство.

Организирање на семинари, студиски посети и работни групи.

Поттикнување на билатерална соработка на пример, преку воспоставување на контакти помеѓу соодветни партнери.

ERYICA Билтен, четири пати годишно.

ERYICA веб-сајт, вклучувајќи ги и новостите од сите нивоа, како и соработка и платформа за младинските работници.

### Обука на младинските работници за информации

Развој на обука "YIntro зачекорување во младинското информирање" за новите членки во младинското информативно поле и доделување на ERYICA сертификати за сите успешни учесници.

Организацијата на европските курсеви "Обука на обучувачи" за YIntro-модулот.

Поддршка на национални или регионални обуки со искусни тренери и материјал.

Работната група на ERYICA за обуки е во постојан развој на дополнителни курсеви за обука и материјали и може да се контактираат за сите прашања во врска со обуките од страна на сите членови.

### Заеднички европски проекти и иницијативи

Infomobil: информации на веб-сајт за млади луѓе кои сакаат да патуваат или да поминат некое време во друга европска земја, која дава информации од прва рака, на пример, сместување, патување, студирање, места за да го исполнат младите луѓе своето слободно време, работи кои треба да се направат, под директна контрола од страна на структурите за младинско информирање координирани и поддржани од ERYICA.

Европски ден на Младинското информирање: 17 април е датумот на основање на ERYICA, а од 2008 година, Младинските Информативни Центри услуги го прославуваат овој ден секоја година.

Средба на улица: Проект за Европски консултации воден од ERYICA во 2008 и 2009 година да го пренесе преку peer-to-peer-интервјуа она што е важно за младите Европјани кога станува збор за нивниот сопствен живот.

Аплицирање за финансирање на понатамошниот развој на Младинските информативни центри во Европа на централизирана ниво, на пример, во рамките на Програмата Млади во Акција.

# Европската димензија за младинско информирање

## Промовирање на Младинското информирање на ниво на Европа

Дискусии и соработка со Советот на Европа, на пример, со Здружениот совет, кој раководи со договор за партнерство меѓу Советот на Европа и ERYICA

Дискусии и соработка со Европската комисија;

Дискусии, соработка, развој на заеднички проекти и изготвување на заеднички изјави во врска со младинското информирање како дел од соработката помеѓу четирите мрежи;

Претставување на младинското информирање и неговата корист на национални настани, конференции и креатори на политики на сите нивоа на барање на соодветните членови.

Ако сте повеќе заинтересирани за генералното младинско информирање во Европа и / или пристап во ERYICA мрежата, посетете ја web страната на:
www.eryica.org

### EURODESK

EURODESK е мрежа специјализирана во давање на информации за Европските можности за младите луѓе, која е поддржана од страна на Европската комисија преку Програмата Млади во Акција.Информациите кои EURODESK ги обезбедува вклучуваат можности за финансирање за проекти од страна, со или за млади луѓе, информации за поединечни можности за учење, работа, волонтерство и живеење во друга земја во Европа и поддршка за структуриран дијалог помеѓу Европската унија и нејзините млади граѓани. EURODESK исто така, создава и ажурира информации достапни на Европскиот младински портал. Во многу земји, EURODESK работи тесно со некои или сите Младински информативни структури. EURODESK може да биде и вреден извор на информации во смисла, на пример, за пребарување на базата на податоци за можни средства за своите проекти, а исто така нуди тесна соработка како партнер, ако Европските информации се една од темите кои сакаш да им ги понудиш на младите луѓе. Нивото на соработка варира од земја до земја и се движи од едноставна размена на информации преку организирање на настани и објавување на материјал заедно со Младинските информативни центри кои стануваат локални EURODESK контакт точки. Можете да го контактирате EURODESK Европскиот завод или вашиот национален партнер преку контакт копчето за Европскиот EURODESK на веб страната: www.eurodesk.eu

### EYCA

EYCA е Европска младинска асоцијација за картички, која спојува 62 младински организации за картички во 41 европски земји. EYCA промовира мобилност на младите и информации за младите луѓе во Европа преку издавање на младински картички и чување на сите млади корисници постојано да бидат информирани за различни европски теми. Во некои европски земји, младинското информирање и младинската картичка се тесно поврзани, понекогаш дури и се работи за иста организација. Сепак соработката со системот за младинските картички секогаш е тема за генералното младинско информирање. Соработката на локално, регионално или национално ниво може да варира во голема мера, почнувајќи од заеднички кампањи и заеднички информации и производи, издавање на картичките во младинските центри, информации и совети за младите луѓе како да ја користат понудата на картичките. Можете да контактирате со Европскиот EYCA завод и националните членови во вашата земја преку веб-сајтот на EYCA www.eyca.org

### Европски младински форум YFJ

Европскиот младински форум (YFJ) е самостојна, демократска, предводена од младите платформа која ја претставуваат 99 национални младински совети и меѓународни младински организации од цела Европа. YFJ се ангажирани во различни проекти и дискусии на ниво на политика кои се однесуваат на животот на младите луѓе во Европа и имаат за цел да обезбедат нивниот глас да се слуша за сите прашања кои се од значење за младите. Затоа форумот е важен партнер во младинското информирање во услови и практична соработка од заеднички стратешки цели.
Www.youthforum.org



Интервју со Ребека Б. (Словенија)

## "Младите за младински СОС телефон"

Се вклучив во Младинскиот Информативен и Советодавен Центар (MISSS) кои имаат младински СОС телефон, бидејќи сакав да им помогнам на другите млади луѓе. Знам низ што поминуваат младите луѓе од моето искуство кога и јас имав проблеми. Научив дека најдобар човек, кој навистина ја разбира младата популација, е младиот човек и верувам дека многу млади луѓе се согласуваат со ова. Вработените во Младинскиот Информативен и Советодавен Центар ме научија како да му помогнам на некој кој не ти верува на почетокот и како да разговарам со младите луѓе со проблеми. Во MISSS се чувствувам разбрана и ме охрабруваат.

Ребека Б., 16 години, Љубљана

# Европската повелба за младинско информирање

**Донесена во Братислава (Република Словачка) на 19 ноември 2004 година на 15-то Генерално Собрание на Европската агенција за Младинско информирање и Советување (ERYICA).**

## Преамбула

Во комплексот, како и во интегрирана Европа која нуди многу предизвици и можности, пристапот до информации и способноста да се анализира користењето на информациите е многу значајно за младите Европејците. Младинската информативна работа може да им помогне да ги постигнат своите аспирации и може да се промовира нивното учество како активни членови на општеството. Информации треба да бидат обезбедени на начини кои ја зголемуваат можноста на располагање на младите луѓе, а кои ги промовираат нивната автономија и оспособување. Почитување на демократијата, човековите права и основни слободи подразбира право на сите млади луѓе да имаат пристап до разбирливи и релевантни информации за сите нивни прашања и потреби. Ова право до информациите е признато во Универзалната декларација за човекови права, во Конвенцијата на правата на детето, во Европската конвенција за заштита на човековите права и основни слободи, како и во Препораката бр (90) 7 на Советот на Европа во врска со информациите и советувањето на младите луѓе во Европа. Ова право исто така е основа за младинско информирање и преземените активности од страна на Европската унија.

## Вовед

Управата за младинската информативна работа ги опфаќа сите теми што ги интересираат младите луѓе, и може да вклучува спектар на активности: информирање, советување, водење, поддршка, пријателство, тренинг и обука, вмрежување, како и упатување на специјализирани услуги. Овие активности можат да се доставуваат од страна на Младинските информативни центри, или преку услугите за младинско информирање во други објекти, или со користење на електронски и други медиуми. Начелата на оваа повелба се наменети да се применуваат во сите форми на генералната младинска информативна работа.Тие претставуваат основа за минималните стандарди за квалитет и мерки кои треба да бидат воспоставени во секоја земја, како елементи на еден сеопфатен, кохерентен и координиран пристап кон младинската информативна работа, која е дел од политиката за млади.

## Принципи

1. Младинските информативни центри и услуги ќе бидат отворени за сите млади луѓе, без исклучок.

2. Младинските информативни центри и услуги бараат да се гарантира еднаквост на пристапот до информации за сите млади луѓе, без оглед на нивната ситуација, потекло, пол, религија или социјална категорија. Посебно внимание треба да се посвети на маргинализираните групи и на младите луѓе со посебни потреби.

3. Младинските информативни центри и услуги треба да бидат лесно достапни, без закажувања. Тие треба да бидат атрактивни за младите, со пријатна работна атмосфера. Работното време треба да се прилагоди на потребите на младите луѓе.

4. Достапните информации, се врз основа на барањата на младите луѓе и на нивните потреби за информации. Тоа треба да ги опфати сите теми кои би можеле да се од интерес на младите луѓе, и треба да се развиваат со цел да се покријат нови теми.

5. Секој корисник мора да се почитува како единка и со одговор на секое прашање ќе се персонализира. Ова ќе биде направено на начин кој дава право на корисниците, да промовира остварување на нивната автономија, да се развива нивниот капацитет, да ги анализира и користи информациите.

6. Младинските информативни услуги се бесплатни.

7. Информации се дадени на начин на кој се почитува и приватноста на корисниците и нивното право да не се открие нивниот идентитет.

8. Информации се обезбедени на професионален начин од страна на персоналот кој е обучен за оваа намена.

9. Понудените информации се комплетни, точни, практични и лесни за користење.

10. Сите напори се прават за да се обезбеди објективност на информациите обезбедени преку плурализмот и верификацијата на изворите кои се користат.

11. Понудените информации ќе бидат независни од било кое верско, политичко, идеолошко или комерцијално влијание.

12. Младинските информативни центри и услуги ќе се стремат да достигнат до најголем можен број на млади луѓе, на начини кои се ефикасни и соодветни на различните групи и потреби, и со тоа што се креативни и иновативни во својот избор на стратегии, методи и алатки.

13. Младите луѓе ќе имаат можност да учествуваат низ соодветни начини, во различни фази на младинската информативна работа, на локално, регионално, национално и меѓународно ниво. Тие можат да вклучуваат, меѓу другото: идентификување на потребите, подготовка и доставување на информации, раководење и евалуација на информативните услуги, проекти и активности.



14. Младинските информативни центри и услуги треба да соработуваат со други младински услуги и структури, особено во нивната географска област, а ќе се поврзат со посредници и други тела кои работат со млади луѓе.

15. Младинските информативни центри и услуги ќе им помогнат на младите луѓе за полесен пристап до информациите обезбедени преку модерните комуникациски технологии, како и развивање на своите вештини за да ги користат.

16. Секој извор за финансирање на младинските информативни центри не треба да биде на начин кој ги крши сите начела на оваа Повелба.

# Европската повелба за младинско информирање

(**Како што е прифатена во Љубљана на 24 ноември 2005 од 16 генерално собрание на** ERYICA)

## Вовед

**Младинското информирање стана клучна област на националните и европските младински политики. Тоа е еден од четирите приоритетни области на работа на општите цели прифатени во ноември 2003 од земјите членки на Европската унија, и е предмет на Препораката (90) 7 1990 од Советот на Европа за Младинско Информирање и Советување, и повелбата за Европско младинско информирање, која што беше променета и прифатена на 19 ноември 2004 во Братислава (Словачка) од 15-тото генерално собрание на ERYICA. Во прилог на вклученоста на младите од Европа во младинските иницијативи и проекти, младински клубови и младински организации, младинското информирање може да игра важна улога во развојот на нивната автономија и нивното неформално образование. Како дел од работата на агенцијата која што цели да помага на вЛадите да развијат квалитетни младински информативни сервиси, членките на ERYICA ги формулираа следните индикатори за националните младински информативни политики. Овие индикатори, сега прифатени како политика на ERYICA од генералното собрание на ERYICA, се предложени како насоки за луѓето во владините оддели и други официјални тела одговорни за младински политики, како и други луѓе кои што се заинтересирани за развојот на работата на младинското информирање.**

## Сет од 12 индикатори

### ИНДИКАТОР 1: Улогата на владата

**Младинското информирање треба да биде сметано од владите како важна задача која што ќе биде составен дел на целосната младинска политика, за која што треба да се изгради национална политика (или стратегија) која што ќе бара да развие целосен, последователен и координиран пристап за обезбедување на младинските информативни сервиси во својата земја како што е препорачано во заедничките цели на Европската унија за младинско информирање. Ваквиот пристап треба да го вклучи признавањето на независноста на младински информативни сервиси во остварување на своите цели, како и воспоставување на соодветни единици за национална координација или поддршка.**

### ИНДИКАТОР 2: Законодавство на Младинско информирање

**Според кое ниво на владата има законска надлежност за младинската политика во земјата, обезбедувањето на младински информативни сервиси треба да имаат правна основа во соодветното младинско законодавство.**

### ИНДИКАТОР 3: Стабилно финансирање и кадровско екипирање

**Со цел да бидат во можност да ги даваат своите услуги на професионална и одржлива основа, младинските информативни услуги треба да бидат соодветно финансирани и екипирани, врз основа на годишен (или повеќе-годишни) план за работа и буџет.**

### ИНДИКАТОР 4: Еднаков пристап за сите

**Младински Информативни услуги, без разлика дали се обезбедени преку младински информативни центри, преку услуги поврзани со млади во други структури, или преку интернет или во други медиуми, треба да бидат достапни за сите млади луѓе. Ова подразбира политика во врска со имплантација на младинските информативни центри, како и мерки за да обезбеди физички пристап на услуги, и употреба на различни методи за да стигнат до групи или лица со посебни потреби.**

### ИНДИКАТОР 5: Регионална и локална димензија

**Според кое ниво на владата има законска надлежност за младинската политика во земјата, националната политика за младинско информирање (или стратегија) треба да има регионална и локална димензија со цел младинските информативни услуги да достигнат максимален број на млади луѓе. Регионалните и локалните власти треба да бидат активно вклучени во поддршка на обезбедување на младинско информирање.**

## ИНДИКАТОР 6: Научни истражувања и експертиза

Младинска информативна политика (или стратегија) треба да се базира на солидно познавање на потребите за информации и очекувањата на младите луѓе. Оваа знаење може да биде добиено преку консултирање на млади луѓе (вклучувајќи со тоа што ќе спроведе консултации), преку консултирање со оние кои работат со млади луѓе, и од страна на спроведување на научни истражувања на прашањата поврзани со младинското информирање.

## ИНДИКАТОР 7: Иновации

Младински информативни услуги мора да се стремат кон постојано подобрување на квалитетот на информациите и советодавни услуги кои тие ги обезбедуваат за младите луѓе. Ова бара младинската информативна политика (или стратегија) да промовира иновација, и треба да ги охрабри младинските информативни работници и младите луѓе за тоа како да се развијат креативните начини за воспоставена средба и за новите потреби и предизвици.

## ИНДИКАТОР 8: Учество на младите

Промовирање на активното учество на младите во работата на младинското информирање треба да биде важен елемент на младинската информативна политика (или стратегија). Треба да се создадат можности за младите луѓе директно да учествуваат и во смислен начин на сите нивоа на процесот на младинското информирање, вклучително и во управувањето и евалуацијата на проекти и услуги.

## ИНДИКАТОР 9: Меѓусекторска соработка

Сеопфатна и кохерентна младинска информативна политика ќе бара консултации и соработка меѓу широк спектар на чинители, вклучувајќи и владини оддели, официјални младински служби, волонтерски младински организации и млади луѓе. А можен начин да се гарантира потребната меѓу-секторска соработка е воспоставување на меѓусекторска комисија или работна група, која ги има задачите за развој, поддршка, надзор и следење на имплементацијата на националната младинска информативна политика (или стратегија).

## ИНДИКАТОР 10: Квалитет на услуги

Младинска информативна политика (или стратегија) треба да содржи мерки за одржување и развивање на квалитетот на младинско информирање и советодавни услуги за младите луѓе. Овие мерки може да се засноваат на Европската Младинска Информативна повелба (2004) која е широко прифатена како збир на насоки во многу европски држави, или на слична национална повелба. Таквата повелба служи како основа за поим од минималните стандарди и за развој на методи за оценување на примената на фактори за квалитет кои можат да да доведат до призната ознака за квалитет за младински информативни услуги.

## ИНДИКАТОР 11: Обука

Приоритетна компонента на националната младинска информативна политика е поддршка на основната и континуирана обука на младинските информативни работници, со оглед на присуството на обучен кадар кој е предуслов за инсталирање и одржување на високо ниво на квалитет во младинските информиративни услуги кои се нудат на младите луѓе.

## ИНДИКАТОР 12: Разликата во пренос на информации

Со текот на времето, младинското информирање претрпе многу еволуции. Во последниве години, ја има интегрирано употребата на модерните информациски и комуникациски технологии во управувањето на податоци, како и во доставувањето на информации. Поточно, Интернетот нуди нови можности за да се олесни пристапот на младите луѓе до информации и совети, и може да се користат за зголемување на медиумска компетентност и социјални вештини на младите луѓе. И покрај овој развој, лице-в-лице за контакт останува суштински елемент на процесот за информирање и советување што се бара од страна на корисници и тоа само може да биде дополнет со модерни технологии.Во иднина, Младински информативни центри, информативни точки и мобилни услуги ќе продолжат да бидат составен дел од младинската информативна работа. Со цел да се постигне најголем можен публицитет, а за да се исполнат потребите на специфични групи, младинската информативна политика (или стратегија) треба да им овозможи младинските информативни услуги да користат широк опсег на комуникациски медиуми и методи, вклучувајќи и пеер-вклучување, теренска работа, и соработката со другите структури (на пример, училишта) и настани кои се посетуваат од млади луѓе.

# Европската повелба за младинско информирање

Совет на Европа
Одбор на министри

## Препораката Р (90) 7 на Одборот на Министри на Земјите членки во врска со информирањето и советувањето за младите луѓе во Европа

(**Усвоена од Одборот на Министри на 21 февруари 1990, 434-тата средба на замениците на министрите**)

Одборот на министри, според условите од член 15 б од Статутот на Советот на Европа,

Имајќи предвид дека целта на Советот на Европа е да постигне поголемо единство меѓу своите членови;

Имајќи ги во предвид релевантните заклучоци на конференциите на Европските министри одговорни за млади (одржани во Стразбур 17-19 декември 1985 година и во Осло, на 11-12 април 1988);

Имајќи предвид дека младите имаат право на целосни, сеопфатни и сигурни информации, без задршка, и на советување за сите проблеми кои се однесуваат на нив во сите сектори, без исклучок, така што тие може да имаат комплетна слобода на избор, без дискриминација или идеолошки или друго влијание;

Со оглед дека ваквите сеопфатни информации и советување од многу гледни точки треба да помогнат за промоција на автономијата на младите луѓе;

Исто така имајќи во предвид дека информирањето и советувањето се важен фактор во зголемувањето на мобилноста на младите луѓе, и поединечно и во групи, и дека таквата мобилност е од суштинско значење да се поттикне разбирањето и мир помеѓу народите и да се развие чувството да се биде дел од Европа,

## I. Препораки до владите на државите членки:

1. Да промовира координација на европско ниво со должно внимание на демократијата, човековите права и фундаменталните слободи на политиката на информирање и советување наменета и достапна за сите млади луѓе, тоа подразбира, меѓу другото, собирање на информации на локално, национално и меѓународно ниво, и правејќи го возможно најдостапни за младите;

2. Да негуваат и поддржуваат создавање и / или развој на соодветни информации и советодавни услуги кои се придржуваат на следните принципи: услугите треба да биде сестрани, од различни извори, и одговорите на прашањата сеопфатни; правото на младите луѓе за анонимност треба да биде почитувано и информацијата сигурна, услугата треба да биде достапна за сите без дискриминација, треба да биде од некомерцијален карактер и треба да ја промовира младинската независност.За таа цел владите треба да:

а) ги информира и советува младите во согласност со нивните директни барања и специфични потреби;

б) промовира анкети соодветно на специфичните национални околности и овозможува компаративни студии за да се направи на Европско ниво за потребите на младите и употребата на резултатите од овие истражувања за постојана адаптација на услуги и структури;

в) да ја извршат обврската за најголема доверливост на услуги и валидност на извори на информации и промет;

г) негување на ефективното учество на младите луѓе во информирањето и советувањето и активности наменети за нив;

д) препознавање на комплементарната природа, и да ја поттикне соработката меѓу нив, услуги за информирање и советување и младинските организации, зближувајќи ги заедно, на пример, во законските органи на управување и во подготовката и ширењето на информации;

ѓ) консултираат меѓу себе за прашањата што се однесуваат на обука за персоналот на таквите услуги, со цел да им се даваат вештини потребни за извршување на задачи кои се наменети за нив во имплементацијата на оваа препорака;

е) поттикнуваат размена на персонал, односно програми за стипендирање, спoредба на техниките за информирање донесени од страна на секоја услуга, како и поминато време во обука за соодветните услуги во различни земји;
зајакнување на нивната взаемна соработка, особено меѓу соседните држави со јазични и културни сличности, во прашањата за обука, вклучително и напредна обука, за горенаведените категории на персонал, или одржување на вакаа обука во контекстот на Советотот на Европа, особено преку Европскиот Младински центар, под услов ова да не значи намалување на активностите кои редовно се организираат од и за младите организации;



3. Поддршка на воведување на нови технологии во услугите за информирање и советување, со цел да се олесни:

- директен пристап на младите луѓе до информации и советување на основа за самопослужување, преку центри, сервиси, медиуми и мобилни оператори;

- складирање, ажурирање, пренос, комуникација, објавување и управување на производот;

- обработка на податоци, компатибилност на податоците, употреба и анализа на податоците на локално, регионално, национално и меѓународно ниво и создавање на мрежа на националните банки на податоци;

4. Промовираат истражување на европско ниво, со методи и техники на информирање и советување и методи на оценување во таквите услуги, и да поттикне собирање и размена на европско ниво на професионална документација на методи и техники осмислена од страна на практиканти и истражувачи;

5. Поддршка на развојот на европската мрежа на услуги за информирање и советување на младите луѓе;

## II. Инструкции на Генералниот секретар на Советот на Европа да ја подготви содржината на оваа препорака:

На вниманието на владите на државите кои се членки на Европската културна конвенција, но не се членки на Советот на Европа.

### Советот на Европа

Препорака за мобилност на младите Р (95) 18 усвоена од страна на Одборот на министри на Советот на Европа за 12.10.1995

http://youth-partnership.coe.int/export/sites/default/youth-partnership/documents/EKCYP/Youth_Policy/docs/Recognition/Recx95x18E_12_October_1995.pdf

Резолуција за младинска политика на Советот на Европа Рез (98) 6 усвоен од страна на Одборот на министри на 16.4.1998

### Европската унија

Европската комисија Белата книга "Нов поттик за Европски Млади", COM (2001) 681-финална, 21.11.2001

http://youth-partnership.coe.int/export/sites/default/youth-partnership/documents/EKCYP/Youth_Policy/docs/YP_development/Policy/EC_whitepaper_en.pdf

Предлог заеднички цели за учество и информирање на младите луѓе, COM (2003) 184, како одговор на Резолуцијата на Советот на 27 јуни, 2002 година во однос на рамките на Европската соработка во областа на младите.

http://youth-partnership.coe.int/export/sites/default/youth-partnership/documents/EKCYP/Youth_Policy/docs/YP_development/Policy/EC_whitepaper_en.pdf

Резолуцијата на Советот за заеднички цели за учество и информирањето на младите луѓе, Службен весник C 295 од петокот, 05.12.2003

Резолуцијата на Советот за спроведување на заеднички цели за младинското информирање, Службен весник C 141 / 3 од 24 јуни, 2005 година

http://youth-partnership.coe.int/export/sites/default/youth-partnership/documents/EKCYP/Youth_Policy/docs/Citizenship/Policy/Res2005_C141_03.pdf

# Европската повелба за младинско информирање

Комуникација од Комисијата до Советот на Европските политики кои се однесуваат на учеството на младите и информирањето. Follow-up на Белата книга за нов поттик за Европски млади: Имплементација на заеднички цели за учество и информирање на младите луѓе во поглед на промовирање на нивното активно Европско граѓанство COM (2006) 417-финална на 20.7.2006

## Младинско партнерство меѓу Советот на Европа и на Комисијата

Студијата "Социоекономскиот обем на младинска работа во Европа" овластена од Спогодбата за партнерство и спроведени од страна на Институтот за социјална Работа и социјална образование (ISS), Германија, 2007



Http://youth-partnership.coe.int/youth-partnership/research/socio-economicscopeofwork.html

## Договор за партнерство меѓу Советот на Европа и ERYICA

"Насоки за тоа како да се создаде Младински информативен центар", декември 2001

Младите луѓе и нивните потреби за информации во контекст на информатичко општество "од Нил Селвин за Советот на Европа / ERYICA-Colloquy "Иднината на Младинското Информирање во Европа", Будимпешта, ноември 2007

"Развојот на Младинското Информирање во Европа" од Александра Кангелоси за Советот на Европа / ERYICA- Colloquy "Иднината на Младинското Информирање во Европа", Будимпешта, ноември 2007

Финален извештај на Советот на Европа / ERYICA- Colloquy "Иднината на Младинското Информирање во Европа", Будимпешта, ноември 2007